

Шпаркасе Банка

# ВРАБОТУВА

# СОРАБОТНИК ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРЕДИТЕН РИЗИК

## И РАЗВОЈ НА ПАРАМЕТРИ ЗА РИЗИКОТ

**ЛОКАЦИЈА**
СКОПЈЕ, Дирекција за Стратешко управување со ризиците/ Служба за управување со кредитен ризик и развој на параметри за ризикот

| | | | |
|---|---|---|---|
| **200 години групациско искуство -Erste & Steiermärkische Sparkasse** | **повеќе од 200.000 клиенти во земјата** | **36 експозитури и 95 АТМ** | **посветеност, кредибилитет и сигурност** |

Доколку имаш желба да бидеш дел од динамичен банкарски тим кој со отворен ум ги прифаќа секојдневните предизвици, имаш позитивен пристап во работата, покажуваш ентузијазам секогаш да бидеш најдобар во тоа што го работиш, имаш желба да учиш и да се развиваш преку организацијата и се трудиш да изнаидеш иновативни и креативни начини за реализација на задачите, а воедно ти е важно да работиш во средина во која се вреднува тимскиот дух и фер однесување, те охрабруваме да ни се придружиш и заедно со нас секојдневно да ги живееш нашите корпоративни вредности!

## Што ќе биде твојата улога

Развој и надградба на модели: Развивање, валидирање и надградба на квалитативни модели на ризикот кои се користат за мерење на ризик, стрес тестинг и анализа на сценарија;

Анализа и управување со податоци: Анализирање на големи сетови на податоци за да се идентификуваат трендови во ризикот, корелации и шаблони на однесување, со цел да се осигура прецизноста на податоците користени во моделирањето на ризикот;

Проценка на ризик: Спроведување на проценка на ризикот за нови производи, услуги или бизнис практики. Давање на препораки на база на квалитативни анализи со цел да се спречат потенцијалните ризици;

Согласност со регулативите: Усогласување на моделите на ризикот и параметрите со регулаторните барања и стандарди во банкарската дејност. Подготвување на документација и извештаи за регулаторни барања и ревизии;

Соработка меѓу служби: Соработка со други служби, вклучувајќи ги финансии, наплата, колатерал менаџмент и останатите служби, со цел да се интегрираат принципите на управување со ризикот во организациските процеси и во процесот на одлучување;

Континуирано подобрување: Информираност за трендовите во индустријата (data analyst), примена на новите напредните техники на моделирање. Препораки за подобрувања на методологиите и практиките на моделирање на ризикот.

## Кои квалификации се потребни

ВСС – Економски, Природно - математички или друг сроден факултет;

Минимум 3 години искуство во управувањето со ризик, финансиското моделирање, обработка на податоци или сродна област;

Активно познавање на англиски јазик;

Силни квалитативни и аналитички вештини со познавање на статистички анализи и техники на моделирање;

Познавање на програмерски јазици и обработка на големи бази со податоци како Python, R, SQL и Power BI;

Одлични комуникативни вештини, како писмени, така и вербални, со способност јасно да се презентира комплексната информација на не-технички заинтересирани страни;

Силни способности за решавање на проблеми.

## Кои ќе бидат твоите придобивки

Обезбедена обука за работа

Континуирана обука и можност за кариерен развој во банкарската групација Erste & Steiermärkische Sparkasse

Приватно здравствено осигурување

Конкурентна плата и дополнителни надоместоци

Мотивирачка организациска култура во која се почитува иницијативноста, ангажманот, но и тимскиот дух

Настани и активности за добросостојбата на вработените (employee's wellbeing)

Те охрабруваме да ја искористиш оваа можност и да аплицираш на отворената позиција со испраќање на CV и мотивационо писмо на **kariera@sparkasse.mk** заклучно со **21.04.2024** со назнака **„Апликација за СОРАБОТНИК ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРЕДИТЕН РИЗИК И РАЗВОЈ НА ПАРАМЕТРИ ЗА РИЗИКОТ“**.

** Вашите апликации ќе имаат третман на строга доверливост. Само кандидатите кои ќе влезат во потесен круг на селекција ќе бидат повикани на интервју.*

** Ве молиме за доставување на согласност Вашите податоци и поднесени документи да се чуваат во базата на податоци на Банката во период од 6 месеци, доколку сте согласни со истото. Оваа согласност кандидатот може да ја повлече во секое време со писмено барање.*

За дополнителни информации, посети ја страницата www.sparkasse.mk.

Те очекуваме!

**ТИ ЈА ПРАВИШ РАЗЛИКАТА!** #верувајвоиднината

SPARKASSE Bank